Врз основа на член 42, став 3 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА НАЧИНОТ НА ОДГЛЕДУВАЊЕТО И ПРОМЕТОТ НА ПЧЕЛНИТЕ МАТИЦИ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОМЕТ, ПРЕМЕСТУВАЊЕТО НА ПЧЕЛИТЕ И ПЧЕЛНИОТ ПРИПЛОДЕН МАТЕРИЈАЛ, КАКО И ГОЛЕМИНАТА НА ЗАШТИТЕНИОТ ПОЈАС ОКОЛУ ОДОБРЕНОТО ОДГЛЕДУВАЛИШТЕ НА ПЧЕЛНИ МАТИЦИ

Член 1

Со овој правилник се одредува начинот на одгледувањето и прометот на пчелните матици наменети за промет, преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал, како и големината на заштитениот појас околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици.

Член 2

(1) Одгледување на пчелните матици се врши во вештачки матичници со пресадување на ларви од родоначалничките матици, стари помеѓу 6 и 12 часа. За формирање на матичници се користат стартери, а за довршување на матичниците се користат финишери, или се користи истото пчелно семејство.

(2) Спарувањето на младите неоплодени матици со трутови од селекционирани пчелни заедници (трутовски семејства) се изведува на два начина:

- Со инструментално осеменување и
- Слободно оплодување во рамките на заштитениот појас.

(3) Во време на спарувањето на матиците истите се одгледуваат во нуклеуси или мини оплодници.

(4) Веднаш по спарувањето на произведените матици и контрола на регуларно пронесување на јајца истите треба да бидат обележани со плочка со број од 1 до 99. Бојата на плочката е карактеристична за нивната година на раѓање и тоа:

- доколку бројот на годината завршува на 1 или 6 - бела,
- доколку бројот на годината завршува на 2 или 7 - жолта,
- доколку бројот на годината завршува на 3 или 8 - црвена,
- доколку бројот на годината завршува на 4 или 9 - зелена,
- доколку бројот на годината завршува на 5 или 0 - сина.

Член 3

(1) Матиците во промет, обележани според член 2 став 4 од овој правилник, се ставаат во транспортни кафези.

(2) Транспортниот кафез треба да биде обележан со идентична ознака, како на матицата од став 1 на овој член.

(3) Матиците во промет, заедно со транспортниот кафез од став 2 на овој член, треба да бидат придружувани со документ за здравствена состојба на матиците, согласно законските прописи од областа на ветеринарното здравство.

Член 4

(1) Преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал може да се врши со сите превозни средства.

(2) При преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал, пчелните живеалишта треба да бидат обезбедени за да не можат при транспортот пчелите да излегуваат од живеалиштата, при што влезовите на пчелните живеалишта треба да бидат затворени, а притоа да биде обезбедена неопходна вентилација.

(3) Преместувањето на пчелите и приплодниот материјал се изведува во текот на ноќта.

(4) Лицето кое го врши преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал треба да биде придружуван од пчелар кој располага со најмалку две пчеларски заштитни одела и капи и две чадалки.

(2) Спарувањето на младите неоплодени матици со трутови од селекционирани пчелни заедници (трутовски семејства) се изведува на два начина:

- Со инструментално осеменување и
- Слободно оплодување во рамките на заштитениот појас.

(3) Во време на спарувањето на матиците истите се одгледуваат во нуклеуси или мини оплодници.

(4) Веднаш по спарувањето на произведените матици и контрола на регуларно пронесување на јајца истите треба да бидат обележани со плочка со број од 1 до 99. Бојата на плочката е карактеристична за нивната година на раѓање и тоа:

- доколку бројот на годината завршува на 1 или 6 - бела,
- доколку бројот на годината завршува на 2 или 7 - жолта,
- доколку бројот на годината завршува на 3 или 8 - црвена,
- доколку бројот на годината завршува на 4 или 9 - зелена,
- доколку бројот на годината завршува на 5 или 0 - сина.

Член 3

(1) Матиците во промет, обележани според член 2 став 4 од овој правилник, се ставаат во транспортни кафези.

(2) Транспортниот кафез треба да биде обележан со идентична ознака, како на матицата од став 1 на овој член.

(3) Матиците во промет, заедно со транспортниот кафез од став 2 на овој член, треба да бидат придружувани со документ за здравствена состојба на матиците, согласно законските прописи од областа на ветеринарното здравство.

Член 4

(1) Преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал може да се врши со сите превозни средства.

(2) При преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал, пчелните живеалишта треба да бидат обезбедени за да не можат при транспортот пчелите да излегуваат од живеалиштата, при што влезовите на пчелните живеалишта треба да бидат затворени, а притоа да биде обезбедена неопходна вентилација.

(3) Преместувањето на пчелите и приплодниот материјал се изведува во текот на ноќта.

(4) Лицето кое го врши преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал треба да биде придружуван од пчелар кој располага со најмалку две пчеларски заштитни одела и капи и две чадалки.

Член 5

(1) Заштитниот појас околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици е земјишна површина во идеална кружна форма во чиј центар се наоѓа одобреното одгледувалиште на пчелни матици и на чија површина не се одгледуваат пчелни семејства со генетско потекло различно од потеклото на приплодниот материјал на одобреното одгледувалиште. Заштитениот појас служи за изведување на слободното спарување на младите неоплодени матици и трутовите, одгледани во селекционирани пчелни семејства.

(2) По исклучок од став 1 на овој член во границите на заштитениот појас може да се одгледуваат пчелни семејства со пчелни матици не постари од две години, кои потекнуваат само од приплодниот материјал на одобреното одгледувалиште на пчелни матици во заштитниот појас.

(3) Заштитниот појас се одредува за секое одобрено одгледувалиште на пчелни матици посебно а околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици се одредува заштитен појас во радиус од најмалку 3000 метри.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 08-353/3 | Министер за земјоделство, |
| 17 февруари 2011 година | шумарство и водостопанство, |
| Скопје | **Љупчо Димовски,** с.р. |